Инф. за јавен кар. Сања Ј. Д 04.04.26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 06.04.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1282/6 | | |

**ДО:**
АД за изградба и стопанисување со станбен простор
и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
ул. Орце Николов бр. 138, Скопје

**ОД:**
Пе[redacted]С[redacted]
ул. [redacted]бр. [redacted], Илинден – Скопје
тел: [redacted]
e-mail: [redacted]@yahoo.com

Архивски знак: ____
Рок на чување ____

**ПРЕДМЕТ:**
**ПОВТОРЕНО / НОВО БАРАЊЕ**
бидејќи доставената информација не е информацијата што ја барав
**во врска со барање арх. бр. 03-1282/1 од 05.03.2026 година**
и Ваш одговор/решение од 16.03.2026 година

Почитувани,

Во врска со моето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено кај Вас под **арх. бр. 03-1282/1 од 05.03.2026 година**, и во врска со Вашиот одговор/решение од **16.03.2026 година**, со ова поднесувам **повторено / ново барање**, затоа што доставената информација **не е информацијата што ја барав**, ниту ми се доставени конкретните документи што експлицитно ги побарав.

Со моето барање од 05.03.2026 година побарав да ми се доставаат сите постојни документи што се однесуваат на:

- мојот предмет,
- моето име,
- мојот статус,
- причините поради кои не сум избран / решен,
- и сите акти, дописи, известувања, службени белешки, записници, изводи, табели, прегледи и други документи во кои е наведено, констатирано или пренесено дека:
    - „нема слободни станови“,
    - „нема расположлив станбен фонд“,
    - „нема можност за доделување / решавање“,
    - или друга формулација со која се одбива или одлага решавањето на моето станбено прашање.

Во Вашиот одговор од 16.03.2026 година, наместо бараните документи, ми доставивте само ограничени информации дека:

- на мое име во 2003 година била доделена монтажна барака,
- постои договор за закуп,
- бараката е руинирана и невселива,
- фактурирањето е запрено,
- и дека АДССДП не носи одлуки за доделување станови и не врши бодирање и рангирање.

Тоа **не претставува целосен одговор** на моето барање.

Затоа, повторно барам да ми ги доставите:

1. **Сите постојни акти, дописи, известувања, службени белешки, записници, изводи, табели, прегледи и други документи** во кои е наведено, констатирано или пренесено дека:
   - нема слободни станови,
   - нема расположлив станбен фонд,
   - нема можност за доделување / решавање,
   - или друга формулација поврзана со мојот предмет.
2. **Сите постојни документи што конкретно се однесуваат на мене / моето име / мојот предмет**, вклучително и:
   - дописи меѓу АДССДП и Комисијата за станбени прашања,
   - дописи меѓу АДССДП и Владата/Генералниот секретаријат,
   - интерни белешки, табели и евиденции, ако во нив се споменува мојот предмет.
3. **Сите документи од кои произлегува:**
   - дали мојот предмет бил разгледуван,
   - кога бил разгледуван,
   - под која категорија сум воден,
   - дали сум бил рангиран/бодуван,
   - и ако постои документ, која е причината поради која не сум избран / сум прескокнат / не сум решен.
4. Доколку со дел од бараните информации **не располагате**, да ми наведете **точно со кои информации не располагате**, а барањето/делот од барањето да го **препратите до надлежниот имател на информацијата** и за тоа да ме известите.
5. Доколку сметате дека некој дел не може да се достави, да донесете **уредно, писмено и образложено решение**, со:
   - точна законска основа,

- конкретно образложение за секоја точка посебно,
- и правна поука.

Дополнително, ако некој од бараните документи **не постои**, барам тоа да ми го потврдите **писмено и изрично, точка по точка**.

Доколку има трошоци за копирање, подготвен сум да ги надоместам согласно закон.

Со почит,
[redacted]

Датум: 06.04.2026 година

**Прилози:**

1. Копија од барање арх. бр. 03-1282/1 од 05.03.2026
2. Копија од Ваш одговор/решение од 16.03.2026

САНЅА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-1282/8 | | 28-04-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1282/6 од 06.04.02.2026 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1282/6 од 06.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација која се однесува на целокупната документација поврзана со одлука за одбивање на барање за стан, вклучително и сите релевантни документи и записници кои претставуваат основ за одлуката

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање арх.бр. 03-1282/6 од 06.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација која се однесува на целокупната документација поврзана со одлука за одбивање на барање за стан, вклучително и сите релевантни документи и записници кои претставуваат основ за одлуката,постапувајќи повторно по барањето, по укажување од Ваша страна дека претходно доставениот одговор не ја содржи целосно бараната документација,согласно податоците на Подружница Скопје – Сектор за стопанисување со станбен простор, Ви го доставуваме следниот одговор:

На Ваше име е доделена под закуп монтажна барака број 15, лоцирана во населба Илинден – Скопје, со Решение со арх. бр. 08-101/2 од 10.06.2003 година, донесено од страна на Комисијата за станбени и иселенички прашања при Владата на Република Македонија, во својство на припадник на безбедносните сили на Република Македонија.

Врз основа на наведеното решение, имате склучено Договор за закуп на стан со Акционерското друштво, со арх. бр. 09-6581/2 од 30.06.2003 година.

Воедно, повторно Ве известуваме дека предметната монтажна барака се наоѓа во исклучително лоша состојба, без основни услови за живеење, со оштетени (искршени) врати и прозорци, како и обрасната со трева.

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

За наведениот стан, фактурирањето е прекинато на ден 19.02.2024 година, со налог бр. 09-1153/1 од 19.02.2024 година, а врз основа на записник бр. 09-988/1 од 13.02.2024 година.

Во однос на дел од бараните информации кои се однесуваат на податоци за доделување на станови, односно актите, критериумите, рангирањето и бодирањето врз основа на кои се носат решенија, Ве информираме дека истите се во надлежност на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија.

Во однос на останатиот дел од барањето, кој се однесува на доставување документи, одлуки, табеларни прегледи, како и податоци од кои може да се утврди на кого е доделен стан, по кој основ, со кој акт (број и датум) и по кој критериум, Ве известуваме дека ваквите податоци претставуваат лични податоци на трети лица.

Лични податоци се сите информации кои се однесуваат на идентификувано или идентификувачко физичко лице, односно податоци врз основа на кои директно или индиректно може да се утврди идентитетот на едно лице, како што се: име и презиме, матичен број, адреса на живеење, телефонски број и слично

Имајќи предвид дека бараните информации, поединечно и особено во нивна меѓусебна поврзаност, овозможуваат идентификација на конкретни физички лица, истите не можат да бидат ставени на располагање, бидејќи нивното откривање би претставувало повреда на заштитата на личните податоци.

Повторно Ве известуваме дека Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје не носи решенија за доделување на станови, туку постапува исклучиво врз основа на веќе донесени одлуки од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија.

Дополнително, Ве известуваме дека Друштвото не располага со станбен фонд кој е однапред определен за припадници на безбедносните сили и нивните семејства, туку стопанисува со станбен фонд во сопственост на државата, при што намената на конкретните станови не е однапред фиксно утврдена, туку се дефинира со акт на Владата на Република Северна Македонија, односно врз основа на одлуки и решенија донесени од надлежната Комисија за станбени прашања.

Доколку Комисијата за станбени прашања донесе одлука за доделување стан под закуп на Ваше име, истото може да се реализира исклучиво од слободните станови со кои располага Акционерското друштво, за кои Друштвото на месечно ниво доставува табеларни прегледи до Комисијата.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**Прилог:**

Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-4/22 од 10.03.2026 година (копија).

Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-4/693 од 17.02.2025 година (копија).

Налог за престанок на фактурирање закупнина на стан 091153/1 од 19.02.2024 година (копија).

Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-988/1 од 13.02.2024 година (копија).

- Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-4/150 од 22.09.2020 година (копија).
- Записник од теренска контрола со арх.бр. 09 - 4/5 од 16.01.2020 година (копија).
- Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-4/73 од 12.03.2026 година (копија).
- Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-10/302

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Сања Јовановиќ Дамјановска